# ОД РАБОТАТА НА ИСТОРИСКИТЕ СЕКЦИИ ВО СРМ

## ОД РАБОТАТА НА ИСТОРИСКАТА СЕКЦИЈА ВО МЕДИЦИНСКОТО УЧИЛИШТЕ ВО БИТОЛА

Историската секција, при Медицинското училиште во Битола активно работи веќе три години. Одговорен професор за оваа секција е професорот Кире Сиљановски. Истата ја посетуваат околу 30 ученички, од I и II год. каде се изучува предметот Историја според наставниот план, а се среќаваат и ученички од III год. кои ја продолжуваат историската дејност од минатите години.

Историската секција успеа да оформи и своја библиотека а од оваа година да изработува и свој ѕиден весник.

Секоја година во секцијата се избира претседател и членови на претседателство, а потоа се изработува и планот за во текот на учебната година. Тој се состои во приготвување на реферати, со кои се одбележуваат значајни јубилеи, историски настани, национални празници и планирање на научни екскурзии за посета на културно-историски места во градовите ширум нашата земја и надвор од неа.

Досегашните изготвени планови, реализирани се во целост. Тука спаѓаат подготвените реферати: „Октомвриската револуција" со кој е одбележана 60-годишнината од избивањето на револуцијата чиј плод е првата социјалистичка земја СССР; „Создавањето и дејноста на КПЈ" подготвен по повод 60-годишнината од создавањето на КПЈ; „Илинденско востание" во чест на јубилејот 75 год. од Илинденското востание; „Ликот, животот и делото на Стив Наумов" и многу други. Се подготвуваат реферати за одбележување на националните празници и истите се читаат пред ученичките од сите четири години. Такви реферати се: „4-ти Ноември" — за одбележување на празникот — ослободувањето на градот Битола: „29-ти Ноември" за одбележување на Денот на Републиката; „11-ти Октомври — Денот на избувнувањето на востанието во Македонија; 8-ми Март — Денот на жената и др.

По повод јубилејната 1977 г. 100 години од раѓањето на Никола

Карев, членовите на историската секција изведоа еднодневна посета на културно-историските споменици во градот Крушево. Беше посетен националниот споменик на паднатите борци од илинденскиот период. Исто така членовите присуствуваа и на историскиот симпозиум во хотелот „Монтана" каде беше изведена програма по повод 100-годишнината од раѓањето на Никола Карев. Беше посетено и историското место Мечкин Камен, каде загина легендарниот јунак на Илинденското востание — Питу Гули. Вечерта членовите присуствуваа на кино-претставата која беше изведена во чест на Крушевската Република.

Беше изведена научна екскурзија во градот Солун, каде беа посетени гробиштата на српските војници убиени во борбите за време на Солунскиот фронт.

Беше изведена и еднодневна посета на културно-историските споменици во градот Берово, по повод јубилејот — 100 години од Разловечкото и Кресненското востание. Членовите на историската секција присуствуваа на историскиот симпозиум каде беше изведена програма и беше прочитан реферат од страна на претседателот Благоја Талевски. Беше посетено и историското место Ваташа, каде беа посетени гробиштата на дванаесетте младинци, кои невини паднаа мртви од раката на непријателот на човештвото-фашизмот, а со нивната смрт не само што нанесоа црнина во животот на селото Ваташа, туку оставија и вечна болка во споменот за нив на Македонскиот народ.

Беше изведена научна екскурзија во градот Тетово и беше посетен меморијалниот музеј. На враќањето, беше посетен манастирот „Св. Јован Бигорски" и „Св. Пантелејмон каде членовите на историската секција присуствуваа на предавањата за нивниот културно-историски развој и нивното значење. Исто така беа посетени и културно-историските споменици во Охрид — „Самоиловите тврдини", црквата „Св. Наум" и др.

Во текот на изминатите три години беа изведени и други посети на културно-историски споменици. Секој член на историската секција ги напушташе посетените места со чувство на воодушевеност, со поголеми знаења од поблиското и подалечното минато на својот народ, со трага на траен спомен.

Секоја година историската секција испраќа свои членови на местото на испраќањето на Карванот на млади историчари.

Во планот на работата на историската секција секоја година, спаѓа и изведувањето на еднодневен марш, по врвиците на првиот битолски партизански одред „Пелистер" од неговото формирање па сè до неговото уништување во селото Ореово. Маршот се изведува на 22 Април, денот на формирањето на одредот.

Во работата на историската секција секако неизбришан спомен е квиз-натпреварот меѓу средните училишта во нашиот град *на тема „Гоце Делчев и Илинден-*

*ското востание*". Тогаш на историската секција при нашето училиште и беше доделена првата награда.

Но сепак како златна круна на успесите на историската секција при нашето училиште, претставуваат успесите постигнати на минатогодишниот квиз-натпревар на тема „60 години од создавањето на СКОЈ".

Петте најдобри ученички од одржаниот училиштен квиз-натпревар беа испратени на општинскиот, каде на ученичката Ристевска Верка и беше доделена првата награда, а на Цветковска Јагода, третата. И двете беа испратени на републичкиот квиз натпревар каде што на уч. Ристевска Верка и беше доделена третата награда и беше испратена на Сојузниот квиз-натпревар, кој се одржа во Кумровец, каде се пласира на шесто место.

Секако ваквите успеси, ваквата заедничка работа се претворени во спомен на фотографиите сместени во засебниот албум на историската секција.

Членовите на историската секција со нов елан и со нови знаења ќе се вклучат и во годинашниов квиз-натпревар на тема „30 години од спроведувањето на социјалистичкото самоуправување", во кој, се надеваме, ќе постигнат солидни резултати.

## ИСТОРИСКАТА СЕКЦИЈА ПРИ ГИМНАЗИЈАТА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" СКОПЈЕ — ПРОЗОРЕЦ КОН МИНАТОТО —

Во редот на многуте секции кои активно работат во текот на целата година во нашата гимназија се вбројува и историската секција на учениците од II-те класови. Бројот од 78 членови, го потврдува големиот интерес што го пројавуваат учениците кон историските науки. Своите познавања од историја учениците ги збогатуваат и дополнуваат и преку списанието „Историја" кое го подготвува Сојузот на историчарите на СР Македонија. За ова списание претплатени се 222 ученици кои до сега ги имаат добиено двата броја од минатата година и првиот број од оваа година. До крајот на учебната година претплатниците ќе ги добијат останатите броеви од списанието со што ќе имаат можност да го прошират кругот на своите знаења.

Во рамките на секцијата предвидено е во текот на учебната година да се одржат 9 работни состаноци на раководството и 7 работни состаноци на целото членство, што секако не значи дека бројот на состаноците ќе бидат поголем во зависност од конкретните можности на секцијата. Во текот на првото тримесечје беше оневозможено нормалното дејствување на секцијата поради тоа што наставата во гимназијата се одвиваше во две смени. Меѓутоа, во преостанатите месеци од учебната година ќе бидат надополнети сите недостатоци во врска со нејзината работа.